АРЦЕЛОРМИТТАЛ СКОПЈЕ (ЦРМ) АД СКОПЈЕ

Скопје, Март 2019

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2018 ГОДИНА

СОДРЖИНА


1. Општо
2. Продажба
3. Тековни операции
4. Безбедност и здравје
5. Корпоративна општествена одговорност
6. Краток осврт на идните планови за развој и раст
7. Извештај за состојба и добивка

1. ОПШТО

АРЦЕЛОРМИТТАЛ СКОПЈЕ(ЦРМ) АД Скопје е основана во Република Македонија со средиште на ул.16-та Македонска бригада бр.18 Скопје, Гази Баба.
Основна дејност на друштвото е производството ма ладно валани, поцинкувани и пластифицирани лимови од топло валана трака.
Работењето на АРЦЕЛОРМИТТАЛ СКОПЈЕ(ЦРМ) АД Скопје во голема мера е детерминирано од општите економски, социјални и политички услови кои беа карактеристични за минатиот период, како и идните очекувања и предвидувања за макроекономските детерминати на Република Македонија.
Во изминатите години, односно од периодот од трансформацијата на ПОС Рудници и Железараница Скопје до глобалната финансиска и економска криза која се појави 2007 година и 2008 година, беше карактеристична стабилна макроекономска политика која се рефлектираше преку ниско ниво на инфлација, а монетарната стабилност резултираше во предвидливи услови на работење од аспект на планирање на идните цени и продажби на Друштвото. Во период на избивањето на глобалната рецесија, односно глобалната финансиска и економска криза, предходните здрави стапки на економски раст на македонската економија беа брзо прекинати кон крајот на 2008 година, по што во 2009 година беше забележан и пад на БПД. Во следните 2010-2011 година дојде до благо опоравување на стапките на економски раст, за во 2012 година повторно да биде забележан минимален пад на БДП. Во наредните 2013 и 2014 забележуваме повторен економски раст кој продолжува и во годините кои следат 2016, 2017 и 2018 год. Како мала и отворена економија, во голема мера македонската економија зависи од трговските и финансиските врски со другите земји.

2. ПРОДАЖБА

Основен фактор кој го детерминира работењето на компанијата е нивото на побарувачка за неговите производи. Со оглед на ограниченоста на обемот на побарувачка за производите во рамки на домашниот пазар, работењето на компанијата се разгледува од аспект на регионот и во светски рамки.
Реализираните приходи од продажба во периодот 2017-2018 година бележат намалување, што главно се должи на намалени приходи од продажба од извоз, иако продажбата на домашен пазар бележи пораст.
Намалената продажба се должи главно поради застојот и времето кое беше потребно за да почне со работа инвестицијата за модернизација и автоматицација на интегрираниот приоцес на линијата за поцинкување.
Реализираните приходи од продажба (2017-2018) во 000 денари

2018 6.592,299
2017 7.164.186
Структура на приходите од продажба (2016-2017 година) во 000 денари

| *Опис* | *2017* | *2018* |
|---|---|---|
| *Приходи од домашен пазар* | 982.019 | 1.051.412 |
| *Приходи од извоз* | 6.182.167 | 5.540.887 |

Во период 2018 година, побарувањата од поврзаните субјекти учествуваат со 84 % од вкупните побарувања од купувачите на компанијата. Најголем купувач на Друштвото е ArcelorMIttal FCE, Luxemburg. Побарувањата од купувачитекои не се од поврзани лица се обезбедени со авансни плаќања или банкарски гаранции.

3. ТЕКОВНИ ОПЕРАЦИИ

Со цел подобрување на резултатите од работењето, основна определба на компанијата е:

- Систематското управување со квалитетот на работните процеси,
- Воспоставувањето на долгорочни партнерски односи со купувачите и добавувачите,
- Реализација набарањата на купувачите,
- Квалитет на производите и услугите , усогласен со нормативните барања на стандардите и законските регулативи,
- Постојана обука на персоналот за реализација на работните процеси,
- Тимска работа и комуникација и
- Постојано подобрување на реализацијата и квалитетот на работните процеси.

Во насока на оваа во инвестициите кои ги направи компанијата ги покажаа своите резултати:

Поцинкална интегрирана линија – инсталирање на дресирен стан и рамналка на линијата со посебна бајпас инсталација. Целта на проектот е намалување на излезни операции на надворешни линии и подобрување на изводокот во целост. Иако беше потребно подолго време за да се стабилизира новата линија сепак на крајот на годината може да се каже дека нивото на материјал кој поминал преку дирекна линија е зголемен и тоа до 55%. И во наредниот период ќе следат проби и напори ова да се подобри и да се зголеми % на материјал произведен преку директен пат.

Промена на електро опремата на линијата за Поцинкување. Целта на проектот е намалување на електро застоите и забрзување на линијата.

Нов разбој на линијата пластификација (проект во тек; план за реализација 4 квартал 2019). Набавка на нов разбој со 2 глави со цел намалување на непродуктивното време за промена боја и зголемување на годишниот капацитет за 2-3%.

Нов магацин кој беше направен со цел да се олесни токот на производите од линијата за поцинкување и пластификација до местото на утовар, со цел да се намалат трошоците времето на утовар и можноста за оштетување на материјалот.

## 4. БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

Безбедноста и здравјето се главни приоритети за компанијата. Тоа се потврдува преку активностите што се преземаат.
Низ текот на целата година беа реализирани бројни предавања и обуки согласно политиката и програмата за обуки на вработените на теми од областа на безбедност и здравје при работа.
Исто така , беа подготвени бројни интерни процедури и упатства за безбедност и здравје при работа кои покриваат критични активности од оваа проблематика.

Како и секоја година, и годинава се организираше и одржа неделата на здравје. Во оваа недела се одржуваат многубројни активности во кои беа инволвирани вработени во компанијата, многубројни организации и установи во кои нашата компанија често врши донации и им ја дава својата подршка.

## 5. КОРПОРАТИВНА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

Корпоративната општестевна одговорност отсекогаш била во суштината на корпорацијата АРЦЕЛОРМИТТАЛ а соодветно на тоа и во АРЦЕЛОРМИТТАЛ СКОПЈЕ(ЦРМ) АД Скопје и има директно и постојано влијание врз неговото работење, како и врз неговите работни односи и инволвираност во општеството.

Во фокусот на нашата стратегија за корпоративната општествена одговорност во 2018 година беше процесот на комуникација и интеракција со сите засегнати страни. Компанијата продолжи со своите залагања за јакнење на партнерствата со своите вработени, добавувачи, деловни партнери и институции, како и локалната и пошироката заедница, преку различни иницијативи и споделување на најдобри практики.

Дел од нашите проекти кои беа реализирани во текот на минатата година се:

- Платена практиканстска работа за студенти од локални факултети
- „Инвестирај во својата иднина" – специјализирана програма за прака за студенти од технички факултети
- Учество на саем за вработување
- Отворен ден за студенти, ученици од технички училишта
- Поддршка на „Денови на електротехника" – настан за промоција на техничките школи
- Поддршка на студентска конференција за енергетска ефикасност СКЕЕОР
- Учество во проект „Ден со водечките извршни директори во Македонија"
- Донација на лим – за кровот на училиштето Крум Тошев
- Донација на лим за поставување на корпи за отпад во општина Гази Баба
- Донација на лим за санација на оштетен кров на стамбена зграда во општина Гази Баба

- Донација на Macedonia 2025 за фонд за поддршка на млади и талентирани студенти од ранливи семејства
- Поддршка на проект Down4U на кафе бар Umbrella – каде се вработени лица со попреченост
- Донација на користена облека во Црвен крст (Копче)
- Хуманитарна акција за донација на пижами во Дом за деца без родители „11 Октомври" и СОС Детско село
- Учество на „Светски пикник" – добротворен настан за поддршка на народните кујни во Македонија
- Организирани крводарителски акции
- *„Safety Wins"* – програма за наградување на безбедното работење на вработените и изведувачите
- Проект за нашите вработени – „Подај ми рака" – донации за нашите вработени и нивните блиски за лекување
- „Биди Фит" – програма за планинарење и стимулирање на здрав живот кај вработените
- Волонтерски акции за чистење – месечни акции за чистење во и околу работната средина
- Активно учество на вработените на компанијата во Скопски маратон
- Организирање на натпревар во цртање за децата на вработените
- Доделување на билети за театар/кино на вработените во компанијата
- Организирање и присуство на развојни програми и обуки за вработените
- Организирање на настан посветен на клиентите

За 2019 година, освен најголем дел од претходно споменатите активности кои повторно ќе бидат спроведени од АрцелорМиттал Скопје (ЦРМ) АД Скопје, предвидени се и дополнителни проекти:

- Започнување со проектот за дуален систем во средното образование во електротехничко училиште „Михајло Пупин", во соработка со шест други реномирани компании
- Поголема соработка со средното машинско училиште "8 Септември" преку организирање отворен ден за учениците и земање ученици на пракса
- Дополнителни донации на лим за потребите на општина Гази Баба
- Учество на „Аларм за природата"- Проект за зачувување на природата, чистење на реките и нивната околина
- „Ретвитни оброк" - учество при припремање и донирање на храна на загрозени семејства
- Акција за чистење на коритото на Матка
- Поддршка на трка во планинско трчање „Водно – Матка"

- Учество во проекти за поттикнување на општествена одговорност во соработка со Американска Комора
- Организирање на недела на учење за вработените

## 6. КРАТОК ОСВРТ НА ИДНИТЕ ПЛАНОВИ ЗА РАЗВОЈ И РАСТ

Прв приоритет е безбедност и здравје на вработените како и животната средина. Приоритет на компанијата е да продолжи да расте и на други пазари и да продолжи да развива нови продукти на барање на нашите потрошувачи со цел да ги задоволи нивните потреби и барања. Компанијата ќе продолжи да се залага во унапредување на стратегијата за намалување на внатрешните трошоци за да биде конкурентна на пазарот.
Важна информација за споделување е секако и продажбата на АрцелорМиттал Скопје (ЦРМ) заедно со уште 5 единици во Европа од Групацијата АрцелорМиттал на новиот сопственик Либерти Хаус. Целокупната продажба беше следена од Европската комисија која го анализираше целата трансакција и во овој период се чека на нејзината финална потврда. Неколку зборови за новиот сопственик - Liberty House (Либерти Хаус) е меѓународна групација со седиште во Велика Британија, специјализирана за производство на челик и алуминиум, како и за важни трговски операции со суровини и рециклирање на метал. Либерти Хаус има свои капацитетине само во Велика Британија туку и во САД и Австралија како и во многу други земји.
Оваа фаза во историјата на нашата компанија отвара нова можност не само за продолжување на производството на челик и ширење кон други пазари, туку и за развој и модернизација на компанијата како и внес на нови искуства и видици.

## 7. ИЗВЕШТАИ

БИЛАНС НА СОСТОЈБА

| Извештај за финансиска состојба ( во 000 ден.) | |
|---|---|
| **31.12.2018** | |
| Нетековни средства | 793,511 |
| Тековни средства | 2,422,334 |
| **Актива** | **3,215,845** |
| Главнина и резерви | -950,906 |
| Обврски | 4,166,751 |
| **Пасива** | **3,215,845** |

ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА

| Извештај за сеопфатна добивка ( во 000 ден.) | |
|---|---|
| 31.12.2018 | |
| Приходи | 6,821,044 |
| Залиха на 01.01.2018 | 666,903 |
| Залиха на 31.12.2018 | 1,064,367 |
| Расходи | 7,446,031 |
| Оперативна добивка / загуба | -227,523 |
| Финансиски приходи | 104,096 |
| Финансиски расходи | 95,527 |
| **Загуба од редовно работење** | **-218,955** |
| Данок на добивка | 0 |
| **Нето загуба за деловна година** | **-218,955** |

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИ ТЕКОВИ

| Извештај за парични текови во (000) МКД | 31.12.2018 |
|---|---|
| А) Парични текови од оперативни активности | 498,653 |
| Нето добивка/загуба после оданочување | 218,955 |
| *Прилагодување за:* | |
| Амортизација | 123,835 |
| Зголемување/намалување на залихи | -953,424 |
| Зголемување/намалување на купувачите | -30,621 |
| Зголемување/намалување на останати краткорочни побарувања | 112,230 |
| Зголемување/намалување обврски спрема добавувачите | 1,027,791 |
| Зголемување/намалување на останати краткорочни обврски | -112 |
| Б) Парични текови од инвестициони активности | -34,854 |
| Набавки на недвижности, постројки и опрема, нематеријални средства и сл. | -34,854 |
| В) Парични текови од финансиски активности | 161 |
| Парични приливи од издадени должнички хартии од вредност и останати земени краткорочни и долгорочни кредити и заеми | 161 |
| Зголемување/намалување на паричните средства | 463,960 |
| Парични средства на почеток на годината | 144,211 |
| Г) Парични средства на крајот на годината | 169,749 |

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНА НА КАПИТАЛ

| Извештај за промена во главнина во (000) МКД | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Капитал на акционерите | | | | |
| Промени | Акционерски капитал | Премии на издадени акции | Резерви | Акумулирана добивка (загуба) | Вкупно капитал |
| Состојба на 1 Јануари претходната година | 10,281,876 | 10763 | 342,233 | -11,168,681 | -533,809 |
| Добивка (загуба) за финансиската година | | | | -197,184 | -197,184 |
| Распределба на добивката во корист на резервите | | | -145,041 | 145,041 | 0 |
| Останато зголемување/намалување на средства, нето | | | 253 | -1,244 | -991 |
| Состојба на 31 Декември претходната година | 10,281,876 | 10,763 | 197,445 | -11,222,068 | -731,984 |
| Добивка (загуба) за финансиската година | | | | -218,955 | -218,955 |
| Останато зголемување/намалување на средства, нето | | | -54,069 | 54,102 | 33 |
| Состојба на 31 Декември во тековната година | 10,281,876 | 10,763 | 143,376 | -11,386,921 | -950,906 |

АрцелорМиттал Скопје (ЦРМ) АД Скопје,